Синдикат на работниците од угостителството, туризмот
комунално-станбеното стопанство, занаетчиството
и заштитните друштва на Р. Македонија

СУТКОЗ

Trade Uunion of the Workers in Catering, Tourism,
Comunal - Residental Economy, Handicraft
and Associations for Disabled of Republic of Macedonia

**Ул. 12 Ударна бригада бр. 2а, 1000 Скопје, тел./факс 02/3239-857**
**E-mail: sutkoz@yahoo.com**

**Бр.** 0302-386/2
16-12 **20**16 **год.**
**Скопје**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ 1

| Примено: 16 -12- 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един | Број | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

До

Министерство за труд и социјална политика

За Заменик Министер

Ибрахим Ибрахими

Почитувани,

Веќе подолго време разрешениот претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија, Живко Митревски , потврдено со Ваше решение бр 08-8191/2 од 14.12.2016 година ,ја злоупотребува функцијата и се меша во самостојноста на синдикатите.Притоа си зема за право да се јавува и да организира средби со претседателите и членовите на синдикалните организации на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните работилници на Република Македонија (СУТКОЗ на РМ) од Јавните претпријатија од комуналната дејност и акционерските друштва, злоупотребувајќи ги на тој начин и работодавачите. Тој во разговорите со членовите од синдикалните организации-подружници на СУТКОЗ на РМ - им доставува некаков бланко „документ„ за кој тврди дека истиот е од Министерство за труд и социјална политика(МТСП), со кој ги повикува нашите членови, делегати, претседатели на синдикални организации, да го потпишат тој ист документ во кој стои дека „одржаниот X-ти Конгрес на СУТКОЗ на РМ , одржан на 08 Април 2016 година, е нелегитимен, нестатутарен и фалсификат „.

За појаснување,многумина од тие претседатели, делегати, членови , присуствуваа на X-тиот Конгрес на СУТКОЗ на РМ во својство на делегати и гости и се запознати со целокупниот тек и процес на X-тиот Конгрес на СУТКОЗ на РМ, кој помина во најдобар ред, без забелешки и приговори.Тие заради тоа одбиваат да го потпишат тој документ , за кој се наведува дека е од МТСП, бидејки наводите за нелегитимноста и нестатутарноста на X-тиот Конгресот не се вистинити и со тоа би се демантирале самите себе .

За жал тие подолго време се вознемирувани и добиваат закани од Живко Митревски , но тој за да даде поголема тежина на заканите , го употребува името на

дополнителниот Заменик Министер за труд и социјална политика - Диме Спасов и имињата на други високи партиски функционери од ВМРО-ДПМНЕ.
СУТКОЗ на РМ , претставувано преку претседателот Дарко Димовски, писмено ќе се обрати и до нив и ќе ги извести за ваквите дејства, бидејки постојат сериозни сомневања дека и тие самите не се запознаени со ваквите притисоци, односно дека се злоупотребени како би се дало тежина и важност на овие лаги.

Заради сите овие наводи и во интерес на вистината и стопирање на сите шпекулации,бараме од Вас, како најповикани да се произнесете и да ни одговорите - дали постои документ издаден од Министерството за труд и социјална политика во кој се спори легитимноста на X-тиот Конгрес на СУТКОЗ на РМ одржан на 08 Април 2016 година ,за кој ја имаме доставено целокупната документација до МТСП.

Како СУТКОЗ на РМ,бараме да побарате од лицето Живко Митревски да објасни во кое својство се дрзнува да се меша во работата на нашиот Синдикат кој е е самостоен и независен , да ги вознемирува и заплашува членовите од нашите - подружници во име на МТСП, со што најдиректно му нанесува штета не само на синдикатот на СУТКОЗ на РМ, туку и го руши угледот на една институција како МТСП која е со пошироко поле на делување во сферата на социјалната заштита, сигурност, работни односи итн.

Живко Митревски во овие дејства е воден од своите лични интереси,при тоа злоупотребувајќи ги институциите како МТСП и партијата ВМРО-ДПМНЕ .

Како СУТКОЗ на РМ, ќе ја бараме правдата преку институциите на системот со поднесување на кривични пријави на лицето Живко Митревски по повеќе основи - слоупотреба на службена положба и овластување и фалсификување на исправи за „бланко документи„ наводно добиени од МТСП.

Во интерес на сите нас, Ве замолувам да ја сфатите сериозноста на нашето обраќање до Вас и во најкус рок да ни одговорите на наводите за постоењена било каков документ издаден од Министерството за труд и социјална политика, со кој се спори легитимноста на избраното раководство на СУТКОЗ на РМ.

Со почит,

Сојуз на синдикати на Македонија
в.д.претседател
Дарко Димовски

СУТКОЗ на РМ
претседател на Извршен одбор
Слободан Симоски